# ECONOMIC IMPLICATIONS FROM THE GLOBALIZATION PROCESS TO LESS DEVELOPED COUNTRIES

**Vlatko Paceskoski**
“Goce Delcev”University-Stip,Republic of North Macedonia vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk
**Vesna Georgieva Svrtinov**
“Goce Delcev” University-Stip, Republic of North Macedonia vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Abstract:** Globalization is the process by which the world is interconnected through technology and powerful infrastructure for the purpose of communicating and managing resources. Globalization seems to talk about several vibrant phenomena which ensure two major components. Firstly, they function across national boundaries and secondly, they result in higher incorporation or interdependence of human societies. It is therefore one aspect of development that affects the world in general, from every point of human view. This paper tries to present from a historical perspective, financial globalization is not a new phenomenon, but the depth and breadth of globalization today are unprecedented. The recent wave of globalization has generated an intense debate among economists, attracting both strong supporters and opponents. This paper tries to present a balanced view of financial globalization,outlining the benefits and risks that globalization entails for developing countries and emerging markets. The paper revisits the arguments and evidence that can be used in favor of and against globalization. Starting from here in this paper is implemented analysis and are given answers how today in the era of globalization the economic allocated in the world economy, the causes for the weakness in the global economy and the transformation of power in the world economy.
**Keywords:** globalization, regionalization, economic power, transformation, international trade, international finance

# ЕКОНОМСКИ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ВРЗ ПОМАЛКУ РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ

**Влатко Пачешкоски**
Универзтет ”Гоце Делчев” Штип, Република С.Македонија, vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk
**Весна Георгиева Свртинов**
Универзтет ”Гоце Делчев” Штип, Република С.Македонија, vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Најочигледно обележје денес, во светската економија е процесот на глобализација и се поголемата поврзаност и меѓузависност меѓу високо развиените и земјите во развој. Меѓутоа, движењето и процесите во светската економија ги создаваат и покренуваат развиените земји, кои како епицентри на светските економски збиднувања во голема мерка ги одредуваат правците, интензитетот и динамиката на светските економски текови. На земјите во развој, во такви услови, им останува само да ги пратат промените и успешно нивно вклучување во тие промени. Несомнено тие се дел од светската економија и ја делат нејзината судбина. Прашањето и основната поента е како земјите во развој да станат активен субјект во светската економија. Врз база на извршеното истражување, отворањето, меѓусебната соработка и интеграцијата во регионалните и глобалните структури е услов без кој не се може, за развојот на секоја национлна економија. Секако тоа најмногу е услов за земјите во развој, чијшто степен на зависност, од развиените држави е голем. Затоа, останувањето на земјите во развој настрана од овие процеси, не само што не е можно, туку е и нерационално. Различните системи на функционирање, регулирање и контролирање на националните стопанства не се кочница за развојот на процесот на глобализацијата, туку се само различни форми, начини, патишта за негова реализација.
**Клучни зборови:** глобализација, регионализација, економска сила. Трансформација, меѓународна трговија, меѓународни финансии

## 1.ВОВЕД

Овој труд ќе се однесува на противречностите од процесот на глобализација во светската економија. Во последнава деценија се увиде дека е невозможно една земја да е надвор од глобалниот процес така и земјите во развој станаа дел од овој процес.
Главната цел на овој труд е: ”Увидувањето на ефектите, позитивните и негативните страни на самиот процес на глобализација врз економскиот развој на земјите во развој”.Покрај оваа цел, во трудот ќе се одговори и

на неколку други прашања: дефинирање и карактеристиките на глобализацијата како и нејзиниот развој проследен преку нејзините двигатели како и нејзината поврзаност со економскиот развој; противречностите од процесот на глобализација како и стратегискиот пристап за успешно вклучување на земјите во развој во процесите на регионализација и глобализација .

## 2. ГЕНЕЗА, УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Идеологијата за глобализација на светот може да се види многу порано низ историските етапи и тоа уште со оформување на првите држави, но сепак сеуште постои конфузија во дефинирањето на овој процес. Оттука, глобализацијата може да биде сфатена како мит, реторика, феномен, идеологија, реалност, ортодоксичност или рационалност.Прв пат во академски дискусии глобализацијата како процес е спомната кон почетокот на 90-тите години.Фактички, глобализацијата е кратка форма на кластер на поврзани промени: економски, идеолошки, технолошки и културни. Економските промени вклучуваат интернационализација на производството, значително зголемена мобилност на капиталот и транснационални корпорации како и продлабочување и интензивирање на економската меѓузависност. Економските манифестации на глобализацијата вклучуваат просторни реорганизации на производството, взаемно проникнување на индустриии преку границите, ширење на финансиските пазари, дифузија на идентични потрошувачки добра низ различни земји и масивен трансфер на население. Идеолошките промени вклучуваат инвестиции и трговска либерализација, дерегулација, приватизација и усвојување на политичка демократија во институционалниот свет. Технолошките промени вклучуваат информации и комуникациски технологии кои ги стеснуваат времето и просторот како и пренесувањето на добрата и услугите. И културните промени вклучуваат трендови кои водат кон хармонизирање на вкусовите и стандардите како и универзална светска култура која ја надминува националната држава.

Кога станува збор за нејзиното дефинирање можиме со право да кажиме дека нема општоприфатена дефиниција за поимот глобализација, така што ќе ја истакниме дефиницијата од Џозеф Стиглиц во “Противречностите на глобализацијата“ каде глобализацијата ја дефинира како: “Цврста интеграција на земјите и народите во светот до која се доаѓа со намалување на трошоците на транспортот и комуникациите , како и со рушење на вештачките бариери за проток на стоки , услуги ,капитал и луѓе преку границите”[29]

Во најширока смисла на зборот глобализацијата се толкува како процес на унифицирање на националните системи, и тоа во сите нивни сегменти(општествен,економски,политички, социјален, културен итн.). Што се однесува до економското толкување на глобализацијата , може да се забележи дека одделни автори и приоѓаат како на процес на интеграција “id est” универзализација на националните стопанства во единствено заедничко светско стопанство чија diferentia specifica е новата форма на организација, новиот тип на функционирање и новиот стил на управување со економските текови.[30] Други автори ја сфаќаат глобализацијата како процес на трансформација на националните стопанства во глобален систем на производство, потрошувачка и размена а распределбата останува дезинтегрирана. Исто така се среќаваат и мислења дека глобализацијата е процес на формирање интегрален, заеднички пазар, и тоа преку либерализацијата на пазарите на производи/услуги, технологија, труд, капитал и информации. Всушност, глобализацијата претставува постојано растечки процес на интеграција на националните економии што работат во институционален амбиент во кој клучна улога имаат меѓународните трговски и финансиски институции (СТО, ММФ,Светска банка).

Од друга страна, во практиката главни носители на процесот на глобализација се РЗ(особено САД) или, поточно, нивните транснационални компании(ТНК), односно нивните транснационални банки(ТНБ). Високоразвиените индустриски земји , со својата економска супериорност, успејаа да им го наметнат на останатите земји своето општествено уредување, како и својот модел на раст и развој. Притоа, преку ТНК доаѓа до интеграција на пазарите на производи/услуги и технологија, а ТНБ се експонираат како поттикнувачка сила на процесот на интеграција на пазарите на капитал. Всушност, најголемиот дел од производството на ТНК се должи на нивните филијали, дисперзирани ширум светот, а на ТНБ им припаѓа доминантниот дел од кредитите на светскиот пазар на капитал. Имено, веќе неколку децении јадрото на светската економија се управува на меѓународно ниво. Така финансиските пазари иницијално беа раководени преку ММФ, иако тие сега се децентрализирани; трговијата се управува преку СТО (порано ГАТТ); а координацијата на економската политика преку Г7. Меѓутоа, ниту една од тие координирачки агенции не му посветува внимание на она што би можело да се посматра како централен проблем на

[29] Џозеф Стиглиц: „Противречности глобализације“ Социјална мисао, 2002

глобалната политичка економија. Имено што произлегуваат меѓу нив , од бруто разликите во приходот и благосостојбата меѓу нејзините конституентни (субјектите во меѓународните економски односи), и односи на доминација и субординација. Растечката интеграција на богатите со сиромашните национални економии има тенденција да стабилизира еден класен, систем на глобално ниво.

### 3. ДВИГАТЕЛИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Постојат многу теории за конкурентност и неколку хипотези како за обликот и формата на глобализацијата, така и за нејзините двигатели. Тука ќе бидат елаборирани основните двигатели на глобализацијата и тоа:демографскатата транзиција, промена на рамнотежата на економската моќ во светот, енормната брзина на ширењето на технологијата, "експлозијата" на информацијата, зголеменатa свест за социјални и еколошки вредности, финансиска интеграција,но се разбира дека спрема натамошните случувања во светот може да додаде или одземе некој двигател на оваа листа.

Како еден од клучните двигатели на глобализацијата е демографскатата транзиција. Кај повеќето од европските земји, Јапонија и САД последниве години почна дасе чуствува еден нов тренд на пораст на процент на возрасна популација и пад на процентот на помладата популација. Спрема светските проекции овај тренд во иднина има тенденција се повеќе да се зголемува.Така процентот на возрасно население во земјите на Европската Унија во 2010 година изнесувал 20%, се препоставува во 2030 година тој да изнесува 24% за во 2050 година да биди најголем и ќе изнесувал 29,9%. За разлика од процентот на возрасното население, процентот на помладотото т.н работоспособно население се претпоставува дека постепено ќе се намалuva така што тој во 2010 година изнесувал 63%, во 2030 година ќе изнесува 60% за да во 2050 година тој да изнесува 56,7% од вкупното население.[31] Во САД процентот на возрасно население во 2010 година изнесувал 12,8%, во 2030 година тој ќе порасне на 18,4% за во 2050 година да достигне 18,6%. Процентот на работоспособно население во 2010 година изнесувал 63%, во 2030 година тој ќе се намали на 58% и се претпоставува дека тој процент ќе се задржи и во 2050 година[32]. Во Јапонија ситуацијата ќе биди доста полоша од одколку на овие две земји. Така, процентот на возрасно население во 2010 година изнесувал 23% , во 2030 година тој ќе изнесува 31,6% а додека во 2050 година тој да биди најголем и ќе изнесува 38,8% од вукпното население. Процентот на работоспособно население во 2010 година изнесувал 63% колку и другите две земји но се преспотавува дека тој ќе се намалува со поглемо темпо така што во 2030 година тој ќе биде 58,1% а во 2050 година ќе биди најмал и ќе изнесува 51%.

Како резултат на тоа, доколку овие земји не дозволат емиграција ќе се соочат со недостаток на работна сила. Исто така, во последниве години развиените земји веќе почнуваат даимаат недостаток на работна сила од специфични професии како на пример: доктори,инжинери и сл, и почнуваат да го отвораат пазарот на работна сила ама исклучиво само за дефицитарните професии.Единствениот регион кој го нема овај проблем каде процентот на помладата популација расте се земјите од Јужна Азија а посебно Кина,која во 2010 имале процент на работоспособно населени од 72,91% а процентот на воздрасното население бил многу мал и изнесувал 8,48% од целокупното население.Што значи демогравската транзиција може да стане голем потенцијал за повисок економски развој на земјите од Јужна Азија вклучувајќи ја и Кина. Од горенаведеното можи да се заклучи дека сепак за земјите со вишок на работна сила овај двигател на глобализацијата е позитивен но сепак треба да се напомене дека доколку не се контролира многу брзо може да стане мрачно сценарио.Тоа мрачно сценарио можи да се случи доколку една земја би произведувала различен вид на работна сила од онај што е дефицитарен на глобалниотпазар на работна сила или доколку работната сила не е соодветно квалификувана, тогаш таа земја ќе се соочи со растечка невработеност, висока нееднаквост и социјални немири. Овде, пак ќе истакнеме дека голем број на земји во развој кој се соочуваат со висока стапка на невработеност веќе почнуваат да ја доквалификуваат или преквалификуваат својата работна сила преку различни програми.

Но сепак земјите во светот се соочуваат со недостинг или вишок на работспособно население. Со цел да се решат овие проблеми кај сите земји гобалниот процес обезбедува слободен проток на човечки катипал со кој во секоја земја би се постигнал бројот на оптимално население. Меѓутоа, денес сеуште не можиме да говориме за слободен проток на човечки капитал зошто земјите со недостинг на рабостоспособно население ги отвараат свотие граници само за дефицитарните професии. Што значи земјите во развој ќе профитираат

[31] Eurostat Press Office, "EU27 population rises until 2025, then falls", 2010
[32]Jeffrey S. Passel and D'Vera Cohn, "U.S. Population Projections: 2005–2050", PewResearch Center, Washington, 2008

од овој процес само доколку клавификациите на вишокот на работоспособното население одговараат на дефицитарните професии на земјите со недостиг на работоспособно население.
Друг двигател на глобализацијата е значителната промена на рамнотежата на економската моќ во светот. Економската моќ во светот постојано се менувала низ историјата, како нејзината структура така се менувале и државите кои што владееле со остатокот од светот. Во периодот од 1815 до 1945 година т.е до крајот на Втората светска војна, рамнотежата на економска моќ во светот била мултиполарна т.е неколку држави со приближно еднаков степен на економски развој се натпреваруваат за моќ и влијание. Ваквата распределба на економска моќ била изразена со Виенскиот конгрес (1815) на кој се утврдило дека 5 земји членки требало да доминираат на светската политика и тоа: Велика Британија, Русија , Прусија , Франција и Австро-Унгарија[33]. Ваквата поделба на светската економска моќ фунционирала добро околку 40 години поточно се додека економски не се развиле други држави и сакале да ја превземат доминатната позиција во светот. Нестабилноста на овај систем се изразила со почетокот на Кримската војна (1853-1856) и траела до крајот на Втората светска војна.
После распадот на Биполарната структура се поставило прашањето за односот на силите меѓу најзначањите креатори на светската политика т.е било на поводок воспоставување на нов светски поредок. Распределбата на светската моќ во новиот светски поредок зависи од технолошката моќ на државите. Технолошката моќ глобално гледено е распределена на повеќе држави но сепак на врвот на пирамидата се наоѓаат три пола коишто условно можеме да ги наречеме технолошки суперсили: САД, Јапонија и ЕУ.[34] Меѓу овие земји денес се води технолошка војна, која што од нејзиниот резултат ќе зависи понатамошната распределба на економската моќ. Додека САД и Јапонија се борат за добивање на приматот во техологијата реално е земјите од ЕУ доста засптануваат во истражувањето и развој на нови технологии. Но, доколку ги погледниме извештаите за во иднина ќе видиме дека Кина ќе стани економски помоќна од САД. За разлика од Кина, Јапонија напредуваше уште пред Втората светска војна и станавтора по големина економија во светот. Како резултат на тоа САД пополека го губи приматот како најголема светска економија.Спрема одредена група на економисти на повидок е нов светски поредок предводен од Кина и Русија, но прашање е кога ке се случат овие претпоставки?[35]Спрема некои аналитичари васквото сценарио е многу блиску и ќе се случи во 2020 година а спрема други дури во 2050 година, но неспорно е дека за одреден временски период Кина ќе стане најголема светска економија. Ова можеме да го потрдеме доколку го погледнеме трендот на економски раст на овие две земји. Така што економскиот раст на Кина иако во 2020 година се предвидува тој да биде намален на 8,3% за разлика од 2010 година кога тој изнесуваше 10.8% сепак тој ќе биди најголем во светот. За разлика од Кина, Русија има стабилен економски раст од 3,4% за 2020 година, надополмен со постојан технолошки напредок.[36]
Доколку ја погледнеме економската ситуација на Кина станувајќи најголема земја извозник во светот можеме да заклучиме дека погоренаведените предвидувања веќе почнаа да се исполнуваат.Според ова, повеќето економсти аналитичари XXI век уште го нарекуваат и азиски век а и многу луѓе од Јапонија,САД и Европа почнале да мигрираат во Азија.[37] Овај тренд всушност му помогнал во подобрување на интра-регионалната трговија на Азиските земји. Од тука, традиционалните производи кои што се извезуваа од Кина, се заменети со еден нов синџир на вредност. Новиот синџир на вредност започнува со различни компоненти, суровини и полупроизводи кои што доаѓаат од различни земји на Азија, во зависност од нивниот квалитет и цена за на крајот да се извезат од Кина како готов производ.Од друга страна, Индија стана главен центар како за ИТ усуги така за Р & Д технологии од фармацевската индустрија и од индустријата за финансиски услуги. Оваа промена пред се е резултат на добро обучената и доста поефтината работна сила која е достапна во оваа земја.Овие предности ја прават Индија најпосакувана локација за индустријата на услуги.Можиме да заклучиме дека производите во светот веќе доаѓаат од Кина а услугите од Индија.Овие две земји како значителни економски сили ќе се појават на светскиот пазар за 20-30 години на сметка на другите земји-членки од ОЕЦД или на сметка на развиените земји. Стапката на раст во повеќето развиени земје е во просек од 2-3% годишно но во Кина, Индија како и во Индонезија, Виетнам,

[33] Ferraro Guglielmo, “The Reconstruction of Europe; Talleyrand and the Congress of Vienna 1814–1815”, Paris, 1941;
[34] Џон Бејлис, Стив Смит и Патриша Овенс-Табернакул, “ Глобализацијата на светската политика “, Скопје, 2009, превод
[35] USDA Long-term Projections, February 2011
[36] USDA Long-term Projections, February 2011
[37] D.W. Morgan and P. Wright, “Trade Liberalization and Growth in Developing Countries”, Journal of Development Economics, Vol. 67, 2002

Малезија, Тајланд спатката на економски раст расте во просек од 7-10% годишно.[38]Значи диференцијалните спатки на економски раст ја означуваат промената на економската моќ која ќе се случи во блиска иднина.

Енормната брзина на ширењето на технологијата е еден од клучните акцелератоти на процесот на глобализација. Ширењето на технологијата не се врзува за некои посебни граници или територии. Овај двигател уште се нарекува дека е пан-глобален. Разните софтверски програми, мобилните телефони како и различнитет.н пријателски технологии како што се пребарувачите овозможуваат брзо доаѓање до нови знаења и техники без некои дополнителни трошоци како за развиените земји така и за земјите во развој.World wide web и пребарувачите ќе ни овозможат нашето стекната знаење многу брзо да го сместиме во глобалните бази на податоци како што е Google.Спрема горенаведеното можи дасе утврди дека дигиталниот јаз кој го имаше после Втората Светска Војна во денешно време е исчезнат, а според некои економисти за многу кратко време ќе исчезни и компаративната предност на државите во технологии. Така оние земји кои што ќе успеат добро да ги искористат предностите на најсовремените технологии ќе можат да се развијат многу побрзо од другите земји.

Двигател на глобализацијата е и "експлозијата" на информацијата и претставува надополнување на третиот двигател. Поради високата технологија и лесниот пристап до информации "застарувањето" на човечкото знаење ќе биде исто како и застарувањето на машините.За разлика од машните кои што доколку се соочат со застарување многу лесно можиме да ги надоградиме со внесување на одреден дел, надградувањето на човечкиот мозок е многу сложена динамика зошто човекот мора да има желба и сам да се надградува.Доколку човекот индивидуално не е заинтересиран за доживотно образование и надградување на своите знаење стекнати во неговото школување големи се шансите да постани застарен и дане можи да си најди работа соглесно неговите некогашни квалификации. За тоа секоја земја преку различни програми се бори за да ги мотивира ваквиот тип на луѓе, но тоа е многу тежок процес.Знаењето стекнато за време на едно школување повеќе нема да се одценува од страна на секторите за човечки реруси, туку за вработување ќе се зема во предвид знаењето стекнато во текот на една професионална кариера. Но сепак ваквиот начин на одценување на знаењето е доста комплексен феномен и исклучиво е тежок за операционализација Експлозијата на информацијатаосвен што зависи од технолошкиот развој зависи и одпадот на цената. Центите на информациите во светот за период од 2008-2011 година значително се намалиле за 30%, така што во 2008 година ИПБ ( просечната цена на кошничката од вредности на информациско-комуникациската технологија) вредноста изнесувала 14,8 а во 2011 таа значително се намалила и изнесувала 10,3. Овде треба да напоменеме дека има значително намлување на ИПБ вредноста на информациите и во земјите во развој но нивнита ИПБ вредности сеуште се повисоки во споредба кај развиените земји. Така кај земјите во развој ИПБ вредноста во 2008 година изнесувала 20,2 а во 2011 година таа се намалила на 14,2. За разлика од земјите во развој ИПБ вредноста кај развиените земји во 2008 година изнасувала 2,6 а во 2011 година таа се намалила на 1,6.[39]

Еден од круцијалните двигатели на глобализацијата секако е финансиска интеграција.Веќе бевме сведоци како последица на овај двигател колку лесно се прошири финансиската криза од 2008-2009 година.Иако Индија, Пакистан и Кина не беа толку поврзани во меѓународниот финансиски систем, водејќи попретпазлива либерализација сепак беа "заразени"од финансиската криза која настана во САД. Сепак тука мораме дапотенцираме дека Кина и Индија многу брзо ја поминаа кризата бидејќи нивните екоономии се доста еластични, но голем број на земји се соочија со енормни трошоци и со голем број на социјални страдања. Додека САД се соочува со финансиската криза, земјите како што се Бразил и Индија т.е земјите во развој со енормно зголемен економски раст имаат големи капитални приливи.Доколку овие држави не почнат да ги контролираат овие капитални текови преку воведовање на контролни мерки ќе се соочат со голем број на кокуретни прашања и инфлаторен притисок на нивните економии. Мислам дека иднината на економиите на земјите во развој со енормно зголемување на економскиот раст ќе биде доста незвесна, бидејќи тие не знаат добро да се справат со негативните фекти на финансиската интеграција и финансиските пазари. Иако овај двигател од пракса покажа дека има доста негативни ефекти особено за земјите во развој сепак глобалниот свет не можи да фукционира без него бидејќи финасиската интеграција ги олеснува многубројните трансакции како помеѓу земји така и помеѓу компаниите.

[38]Brainport Development NV, "Brainport 2020 top economy, smart society ", Eindhoven, 2011
[39] International Telecommunication Union, "Measuring the Information Society", Geneva, 2012

## 4. ПРОТИВРЕЧНОСТИ ОД ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ВО СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА

Факт е дека глобализацијата е во тек и дека , барем во сегашната фаза, се одвива асиметрично. Различното ниво на економска развиеност на одделните земји веројатно е основната причина што голем дел од нив не можат да се интегрираат во светските економски текови , т.е. не можат да ги валоризираат позитивните страни на процесот на глобализација или, ако евентуално ги користат, тогаш тоа е во помала мера. Друг дел земји се наоѓаат надвор од процесот на глобализација или апсолутно се "изгубени" во него. Апострофираната маргинализација во сегашната етапа на глобализацијата е неизбежен факт, бидејќи во нејзината основа е вграден моделот на "пазарниот фундаментализам" кој, по дефиниција дејствува според принципот центар- периферија и продуцира регионални диспаритети, фаворизирајќи ги развиените земји, а дестимулирајќи ги ЗВР. Всушност, противречностите на глобализацијата во светската економија доаѓаат до израз и тогаш кога таа се опсервира низ призмата на нејзините основни облици.

Првата негативна страна од влијанието на глобализацијата е **продлабочување на јазот помеѓу Северот и Југот** т.е земјите во развој и развиените земји. Според извештаите објавени од страна на Обединетите нации пред почетокот на глобалната финансиска криза бројот на земји во развој кои што имале корист од глобализацијата бил помал од 20.[40] Разликата во приходите по глава на жител помеѓу најбогатата (САД) и најсиромашната земја (Домениканска република Конго) од 30% во 1960 година се зголемил на 70% пред почетокот на кризата. Во 80-тите години на дваесеттиот век, трговијата со најсиромашните земји преставувала 80% од светската трговија за разлика пред почетокот на кризата кога таа изнасувала 0.4%. Исто така имало и зголемување на трговскиот дефицит на земјите во развој од 3% уште кон крајот на 90-тите години од 20-тиот век и овај тренд продолжува до денешно време. Најбогатите пет земјирасполагале со 80% од вкупниот прихот во светот а додека најсиромашните во само 1% така што овај јаз двојно се продлабочил за период од 1960-2000 година.[41] Најголемиот дел од приходите што ги добиваат земјите во развој сеод донации и билатерална финансиска помош затоа што земјите воразвој се потешко можат да привлечат капитал.

Втората негативна страна се однесува на **приспатот на земјите во развој кон либерализација на трговијата**. Либерализацијата на трговијата на земјите во развој довела до намалена државна контрола на макроекономските политики. Големиот број на иновации, брзата експанзија на финансиските средства, трендот на приватизација и големиот обем на надворешни грандови имале големи влијаниа врз економската сигурност и финансиската стабилност на земјите во развој.Концентрацијата на трговската размена помеѓу САД, ЕУ и Јапонија како резултат на трговската либерализација како и зголемениот обем на меѓународни текови довеле до правење на т.н меур економии и нереални флуктуација на девизните курсеви. Ваквата еконосмка стуација во 2008 година резултирала со глобална финансиска криза која што могу брзо се прелеала во земјите во развој соочувајќи се со огромни дефиците во нивните биланси на плаѓање.Негативните ефектите од кризата земјите во развој ги чуствуваат и во денешно време.

Третата негативна страна на глобализацијата се однесува на **специјализацијата на земјите во развој за примарни птоизводи** со цел да обезбедат компаративна предност на глобалните пазари.Земјите во развој имаат тенденција да извезуваат тесен опсег на производи со ниска вредност покажувајќи релативно ниски стапки на извозен раст во рамките на глобалните извозни пазари. Ваквата структура на производи за извоз ги прави земјите во развој многу ранливи на надворешни шокови соочувајќи се со намалени извозни приходи. Портер тврди дека поради специјализацијата на производството, вкупното производство на земјите во развој доаѓа од непривлечни индустрии со низок простор за раст од т.н копании кои што се занимаваат со производство на припарни производи кои што влијаат врз забавување на економскиот раст на земјите во развој[42].Во пракса можиме да забележиме дека овај тренд на производство на примарни производи постои и во денешно време, така што овие производи се изложени на голем број на ценовни флуктуации.

Во денешно време, извозот на примарните производи бележи негативни стапки на извозен раст. Фактори кои придонесоја за оваа ситуација се: порастот на населението во земјите во развој, ниската ценовна еластичност на побарувачката на примарните производи како и појавата на супституција на производите. Поради зголемената стапка на раст на населението во земјите во равој се зголемии производството на примарни производи а тоа доведе до вишок на примарни проиазводи на пазарите на развиените земји. Ваквата ситуација довела до намалување на цените на примарните производи во развиените земји. Поради малата еластичност на побаруачката на примарни производи од страна на развиените земји со

---

[40] UNCTAD, "Trade and poverty", Geneva,2004
[41] World Bank, " World development report", 2011
[42] M. Porter, "Clusters and the New Economics of Competition", Harvard Business Review, 1998

зголемувањето на приходите во развиените земји не постои пропорционално зголемување на побарувачката на производи.Од друга страна, има висока ценовна еластичност на понудата, доколку повеќе земји го зголемат извозот на примарните производи автоматски доаѓа до намалување на цена на меѓунарпдните пазари. Во праска се повеќе компаниите од земјите во развој се соочуваат со супституција на нивните производи така што нивната иднина е згрозена а со тоа и идниот економски равој на земјите во развој. Меѓународните институции се обидуваат да го решат овај проблем воведувајќи различни видови на протекционистички политики.

Четвртата негативна страна од глобалниот процес е губењето на човечки капитал на земјите во развој која што негативно влијае врз нивниот економсиот раст.Слободното движење на работната сила предизвика високообразованото население да ги напушти земјите во развој и да мигрира во развиените земји со цел да си го подобрат ниговиот животен стандард.Во економската литература ваквата појава уште се нарекува “ одлив на мозоци”.Поради одливот на мозоци голем број на земји во развој а посебно Африканските претрпеле големи економски загуби.Една од тие загуби е скратувањето на можноста за подршка во растечката индустрија на земјите во развој преку истражувачките капацитети.Поточно оваа економска загуба се однесуваат на загубата од професионален кадар кој доколку бил во земјата преку неговите проекти би придонесол за побрз економски развој на земјата. Другата загуба која што негатино влијае врз еконосмкиот развој на земјите во развој се однесува на образованието. Миграцијата на високообразованото население влиаје негативно брз образовниот процес оставајќи ги земјите во развој без помош во едукацијата на населението во иднина.

Како негативни страни од глобалниот процест што влијаат врз еконосмкиот развој на земјите во развој можат да се споменат и полесното прелевање на економскита криза која што може да настане во една земја или во една група на земји и за многу краток временски период да се прелее низ целиот свет. Таков беше примерот со глобалната финансиска криза која што настана во развиените земји но за многу краток временски период се прелеа во земјите во развој. Како резултат на ова земјите во развој се соочија со високи дефицитe во билансите на плаќање а тоа додведе до стангација а во некои земји во развој и негативни стапки на економски раст.Катасрофалните последици можиме сеуште да ги забележиме кај голем број земји во развој.Селеден негативен ефект е влијанието на глобализацијата врз новоотворените домашни компании во земјите во развој. Доколку земјите во развој преку најразлични субвенции за новоотворените фирми сакаат да ја зајакнат домашната економија преку искорстување на економии од одбем и искуствата, зголемената конкуреција од страна на СДИ значителоно го намалува интересот за отпочнување на бизнис кај домашното население.

За да го елимираат овај проблем голем број на земјите во развој подготвија повеќе економски политики со цел да ја подобрат политиката на вработување преку подобрување на можностите за истражување и напредување на високобразованото население. Иако се преземени голем број на политики сепак сведоци сме дека со овој проблем сеуште се соочуваат голем број на земји во развој.

Во социјална смисла, глобализациските промени имаат и друга страна на медалот. Нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните расте како на меѓународен така и на национален план, бидејќи расте и нееднаквоста во распределбата на доходот на двете нивоа. Оваа поларизација е последица на логиката на самиот капиталистички систем - максимализацијата на профитот, а глобализацијата не ја менува основата на тој систем. Така, сиромаштвото останува еден од главните проблеми и во развиените, и во неразвиените земји во светот. Делот од популацијата, кој се наоѓа на линијата на сиромаштија или под неа, денес бележи загрозувачки размери, а особено во помалку развиените земји и во категоријата неквалификувани работници.(види табела 13) Огромен број од таа популација излезот на својата егзистенција е принуден да го бара во неформалниот сектор, на црниот и шпекулативниот пазар , во криминалот (појави што се плод на глобализациските движења), но истовремено и кочница за самиот глобализациски процес.

Од друга страна, противречностите на глобализациските трендови ќе бидат уште долго присутни, и тоа толку долго што секоја прогноза однапред би била фрлена на тезгата на шпекулациите. Ова од причина што меѓу глобализацијата како појава и глобализацијата, како процес, постојат огромни разлики. Како обликувана појава таа се уште е теориска хипотеза, а како процес таа е реалност што, минувајќи низ фази на различна зрелост, “граби” кон завршната форма. Таа последна фаза на процесот на глобализација (самата глобализација) припаѓа на далечната иднина, т.е. ќе се реализира тогаш кога ќе коегзистираат сите услови за нејзино постоење:[43]

- изедначување на нивото на економската развиеност кај сите национални стопанства;

[43] P. Dicken: *Global Shift- The Internalization of Economic Activity,* University of Warwick UK 2003,стр.47

- развивање на производството до ниво што глобализацијата ќе ја експонира како историска неопходност;
- интензивирање на меѓународната соработка до ниво што ќе добие доминантен, а не дополнителен карактер;
- јакнење на економската поврзаност на националните стопанства до ниво на траен и неповратен императив;
- унифицирање на економскиот и правниот амбиент на сите степени, т.е. елиминирање на сите организациони и нормативни лимити;
- забрзување на интеграциските процеси на различни основи;
- прифаќање на самата идеја за глобализација, како објективна појава, без алтернатива.

Се до исполнувањето на овие услови, промените предизвикани од процесот на глобализација ќе бидат длабоки и нерамномерни, ќе се доживуваат болно и тешко посебно во земјите во развој.

## 5. СТРАТЕГИСКИ ПРИСТАП ЗА УСПЕШНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Едно од клучните прашања и дилеми денес, во светската економија, е како развојот на процесите на глобализација и регионализација имаат свои влијанија врз националните економии на ЗВР и врз нивниот општествено - економски развој?

Во сегашната фаза на паралелно одвивање на процесите на регионализација и глобализациј, државите, не можат да останат само пасивни набљудувачи на нивните движења, туку активно треба да се вклучат во нив, т.е. да станат рамноправни субјекти во овие процеси. Ваквиот став и неодложна потреба произлегува од причина што глобализацијата не смее да му се препушти само на пазарот, бидејќи тој има свои, како вродени, така и стекнати дефекти. Се до заокружувањето на процесот на глобализација, улогата на националните држави мора да се концентрира на создавање поволен макроекономски амбиент за интензивирање на растот на домашното стопанство, од една, односно јакнење на неговите позиции во светот, од друга страна. Во овој контекст националните држави треба да ги задржат своите зконодавни, организациски и контролни ингеренции, не со цел да го елиминираат пазарот, туку напротив да го канализираат и насочат во саканите правци.

Иако за позитивните страни на глобализацијата врз економскиот развој на земјите во развој има разединети ставови од страна на економските аналитичари, сепак врз основа на направенето истражување од страна на Доллар и Кааy можиме да заклучиме дека самиот глобален тренд овозможи голем број на бенефиции за подобрување на економскиот развој на земјите во развој.Според Доллар и Кааy земјите во развој кои што станале дел од глобализираниот свет имале доста повисоки стапки на економски раст во споредба со развиените земји. Овие високи стапки на раст најчесто се однесувале на придобивките од слободната трговија или пак од влезот на СДИ.[44]

Самиот процес на глобализацијата го зголеми учеството на СДИ во вкупното производство кај голем број на земји во развој. Најчесто СДИ влијае врз економскиот раст на земјите во развој преку зголемување на вкупната факторска продуктивност или преку поефикасна употреба на ресурсите. (види графикон 8).Ваквата зголемена факторска продуктивност придонесе за намалување на невработеноста преку вработување на голем број на дотогаш невработени лица. СДИ освен што влијаат врз економскиот раст со зголемување на факторската продуктивнот тие влијаат и со зголемување на вкупните приходи.Зголеменото учество на СДИ му овозможи на земјите во развој пристап до капитал, технологија, менаџерски практики и до нови технолошки техники за производство. Глобалниот тренд исто така му даде можност на земјите во развој да го зголемат извозот кој што е битен фактор за зголемување на економскиот развој.Зголемената конкуренција од страна на зголемениот обем на СДИ во земјите во развој доведе до подобрување на ефикасноста и квалитетот на производите а тоа оведе до производство на поконкуретни производи од страна на домашните фирми на меѓународните пазари.

Позитивна страна од влијанието на глобализацијата врз земјите во развој се манифестира и преку слободната трговија. Либерализацијата на трговијата ги зголемува можностите за пласман на производите кои што доаѓаат од земјите во развој на поголем број извозни пазари. Прилагодувањето на политиките на земјите во развој со цел да ги отворат своите економии кон остатокот од светот стана неоопходно за обезбедување економски раст на земјите во развој. Доказите за ова тврдење се јасни. Ниту една земја во развој во последниве дваесет години нема постигнато економски успех во смисла на подобрување на животниот стандарт на населенитето без нејзината економија да биди отворена кон остатокот од светот. На

[44] A. Kraay and D.Dollar,"Trade, Growth and Poverty", World Bank, 2000

пример: земјите од Источна Азија забележале значителен процент на економски раст како резултат на трговската либерализација т.е намалувањето на увозните тарифи од 30% на 10%во 90-тите години на 20 век.[45]

Прифаќањето на трговската либерализација од страна на земјите во развој им овозможи поголем број на земји во развој да ги развијат своите конкурентни предности во производството на одредени производи. Преку развојот на конкуретноста се зголемува и ефикаснота во производството. Повеќето земји во развој имаат капацитет за производство на одредени производи но сепак имаат недостаток од знаење или некој друг вид на ресурс што во минатото овозможувал неефикаснопроизводството. Слободната трговија му овозможува на земјите во развој да го надополнат тој недостаток и да станат поконкуретни на глобалниот пазар. Таа исто така му овозможува на населението на земјите во развој поголеми можности за да го надоградат своето образование со посета на некоја странска земјапоради тоа што производните процеси на земјите во развој не се технолошки опремени за претворање на суровините во производи за широка потрошувачка. Слобоодната трговија ги подобри и надворешните односи на земјите во развој, кои што претходно биле предмет на многубројни меѓународни закани. Развивањето на слободни трговски односи со повеќе моќни земји можи да му обезбеди економсмки развој или дополнителна заштита од меѓународните закани на земјите во развој. Земјите во развој преку договорите за слободна трговија можат да ја подобрат својата внатрешна структура како и да увидат во кој правец мораат да ги насочат своите економии со цел да го забрзаат својот економски развој.

Исто така, позитивна страна од влијанието на глобализацијата врз земјите во развој се однесува на подобрата технологија и полесниот пристап до информациите. Глобализацијата на земјите во развој му овозможува полесен пристап до информации и технологија а со тоа го потикнува нивниот економски развој. Првиот ефект од подобрената технологија како резултат од глобалниот тренд се однесува на преместување на производството на микро електронски уреди од развиените земји во земјите во развој.Најчесто производството на микро електронски уреди во земјите во развој се однесуваше на странски дирекни инвестиции но не се исклучува и можноста во одредени случаеви овие инвестиции кои што доаѓаат од развиените земји да дојдат во земјите во развој по пат на лиценцирање. Најчест случај за ваков тип на инвестиции бил случајот на земјите во Источна Азија кои што во 80-тите години од минатиот век биле преплавени со странски дирекни инвестиции за производство на микро електронски уреди. Како резултат на ова т.н селење на производството на микро електронски уреди во земји со ниски плати и помали трошоци на производство дошло до намалување на цените на овие уреди на глобалниот пазар. Исто така, освен што МНК го преселиле своето производство на микро уреди тие заради пониските трошоци во земјите во развој малку подоцна го преселиле и производството на голем број на делови од висококотехнолошките производите создавајќи кокуренска предност на глобалниот пазар преку. Транферот на технологијата на голем број земји во развој му овозможи да ја подобрат нивната конкуренска позиција во одредени сектори и го потикна нивниот развој пополнувајќи го недостатокот од индустриската инфраструктура.

Овде исто така треба да се напомени дека глобализацијата позитивно влијае и врз земјоделството која што е клучна гранка во голем број земји во развој, зголемувајќи ги неговите приходи.Во последниве години свдоци сме на голем број климатски промени и високата цена на бензинот кои што негативно влијаат врз приносот на земјоделството. Глобалните институции како што се Агенцијата за храна и земјоделство, Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, УНКТАД и Светска Банкна преку најразлични програми и стимулации го заштитуваат овај сектор со цел да се зголемат неговите приходи а со тоа да се овозможи економски раст на земјите во развој. Најчесто позивитното влијание во овај сектор од страна на глобализацијата се однесува на неговата зголемена продуктивност преку олеснетиот приспат до технологија и зголемениот обем на СДИ во овај сектор. Покрај зголемената продуктивност се зголемува и вработувањето на невработеното нискоквалификувано население кои што зафаќа голем процент од работноспособното население во оваа група на земји.

Врз основа на претходно изнесеното, една од клучните стратегии на земјите во развој е да разработат сопствена концепција за економски развој, чии ингредиенти би биле: темпото на економскиот раст, степенот на отвореност на стопанството, реалните можности за вклучување во глобалните процеси итн., а дури потоа да изградат стратегија за свое интегрирање во светската економија[46]. Д. Родрик[47] констатира: "Не трговија, не надворешна ориентација , не глобализација, не меѓународна конкурентна способност, туку инвестиции во човечки и физички капитал за раст на производството и социјална стратегија. Дури подоцна по нивното

[45] UNCTAD, "UNCTAD Handbook of Statistics", New York, 2010
[46] UNCTAD: Globalization, Competition, Competitivness and Developmant, Geneva 2001
[47] D. Rodrik " State Stratetegies in the global Political Economy" London, 2003, стр. 75.

синтетизирање може да се конципира стратегија за либерализација, односно глобализација. Паралелно би можело да се работи на формирање регионални интеграциски целини (како меѓуфаза на патот кон глобализацијата ) за подобро да се заштитат националните економски интереси воопшто, односно да се заштитат домашните стопански субјекти од алчните пипки, главно, на ТНК. Регионалните интеграциски целини, како посилни од националните, можат поуспешно да се изборат за пормноправен третман на меѓународно ниво”.[48]

Оттука слободно може да се констатира дека овие два доминантни мегатрендови денес и во времето што е пред нас ќе претставуваат основна детерминанта, што ќе ја определува иднината на егзистирањето и функционирањето на меѓународните економски односи. Појавата и динамиката на процесите на глобализација и регионализација се определени од законитостите на економскиот и општествениот развој, чијашто основна карактеристика и тенденција денес, но и во иднина, ќе биде се поголемата и поразновидна меѓузависност во светот којашто, со стапка на геометриска прогресија се претвора во зависност на земјите во развој од развиените земји.[49] Ваквата состојба истовремено генерира обврски за сите субјекти во меѓународните односи, а особено за земјите во развој да формулираат стратегија преку која што ќе се адаптираат на овие промени, се со цел да ги искористат предностите и ефектите од процесите на регионализација и глобализација. Секако во оваа стратегија треба да бидат инкорпорирани специфичните услови на развој на секоја држава одделно, но истовремено водејќи сметка за тоа дека секоја држава е дел од глобалната структура и од испреплетената мрежа на меѓузависност, помалку или повеќе, е условена во нејзиното однесување кон светските економски, политички и други реалности. Спротивниот приод кон овие процеси би бил нереален и нерационален, со што ќе се негираат законитостите на развојот.

Оттука, логично се поставува прашањето за позицијата на земјите во развој: каква е нивната положба денес и какви се нивните перспективи за успеешно вклучување во овие процеси? Несомнено тие се дел од светската економија и ја делат нејзината судбина. Прашањето и основната поента е како земјите во развој да станат активен субјект во светската економија. Нашиот став е, дека отворањето, меѓусебната соработка и интеграцијата во регионалните и глобалните структури е услов без кој не се може,за развој на секоја национлна економија . Секако тоа најмногу е услов за земјите во развој, чијшто степен на зависност од нивните односи на меѓузависност со другите држави е најголем. Затоа, останувањето на земјите во развој настрана од овие процеси, не само што не е можно, туку е и нерационално. Затворањето и изолацијата на овие земји не би значеле ништо друго, туку свесен и сигурен чекор во бесперспективноста и пропаста.

## 6. ЗАКЛУЧОК

На крај можиме да заклучиме дека економиите на повеќето земји во развој за да ги избегнат бројните негативности од глбоалниот процес, треба пред да ја прифатат либерализацијата прво да ги зацврстат своите домашни економии обезбедувајќи им помош на домашните фирми да станат конкуретни на пазарите на останатите земји во развој за подоцна истите да можат да се соочат со глобалната конкуретност на глобалните пазари.

## ЛИТЕРАТУРА

Атанасоски, С. (2003). “Политичка економија на светскиот поредок”, Економски Факултет -Прилеп, г., стр.135
Бејлис, Џ., Смит, С., & Овенс, П. (2009). “Глобализацијата на светската политика “, Скопје, превод - Табернакул,
Пачешкоски, В. (2008). “Положбата и перспективите на земјите во развој”, магистерски труд, Економски факултет-Прилеп, стр.29
Brainport Development NV, (2011).,“Brainport 2020 top economy, smart society “, Eindhoven
Morgan, D.W., & Wright, P. (2002). “Trade Liberalization and Growth in Developing Countries”, Journal of Development Economics, Vol. 67.
Porter, M. (1998). “Clusters and the New Economics of Competition”, Harvard Business Review
Rodrik, D. (2003).” State Stratetegies in the global Political Economy” London, стр. 75.
UNCTAD (2004). “Trade and poverty”, Geneva
UNCTAD, (2001). Globalization, Competition, Competitivness and Developmant, Geneva
USDA Long-term Projections, (2011).
World Bank (2011).“ World development report”

[48] В.Пачешкоски, “Положбата и перспективите на земјите во развој”, магистерски труд, Економски факултет-Прилеп,2008год,стр.29
[49] С. Атанасоски, “Политичка економија на светскиот поредок”, Економски Факултет -Прилеп, 2003 г., стр.135